**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за спроведените избори за претседател на Република Македонија

**Скопје, април 2009 година**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број** 09 - 2842/1
19.04. **април 2009**
**С к о п ј е**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**г. Трајко Вељановски**

Државната изборна комисија врз основа на член 31 став (2) точка 25) од Изборниот законик на седницата одржана на 16 април 2009 година го усвои Извештајот за спроведените избори за претседател на Република Македонија и заклучи истиот да Ви го достави во прилог.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ДРЖАВНА ИЗБОРНА**
**КОМИСИЈА**
Александар Новакоски

Република Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Бр. 09-2842/1
18.04.09

# И З В Е Ш Т А Ј
## за спроведените избори за претседател на Република Македонија

Изборите за претседател на Република Македонија се спроведени согласно Решението за распишување избор на претседател на Република Македонија број 08-145/1 од 10 јануари 2009 година, донесено од претседателот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2009), а врз основа на член 67 став 4 од Уставот на Република Македонија и член 12 став 1 од Изборниот законик („ Службен весник на Република Македонија„ број 40/2006 и 136/2008).

Изборот на претседател на Република Македонија го спроведоа Државната изборна комисија, општинските изборни комисии и избирачките одбори.

Врз основа на член 57 и 64 став 1 од Изборниот законик до Државната изборна комисија се доставени:

- листата на кандидатот за избор на претседател на Република Македонија, Имер Сељмани предложена од Група избирачи Д.Е., поднесена од овластениот претставник Џемаљи Саити;
- листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Мируше Хоџа предложена од Група избирачи Р.К., поднесена од овластениот претставник Раметула Кучи ;
- листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Нано Ружин предложена од Група избирачи Д.Ц., поднесена од овластениот претставник Андреј Жерновски;
- листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Ѓорге Иванов предложена од 62 пратеници, поднесена од овластениот претставник Илија Димовски;
- листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Љубе Бошкоски, предложена од Група избирачи К.С., поднесена од овластениот претставник Коста Топузоски;
- листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Агрон Буџаку, предложена од Група избирачи А.А., поднесена од овластениот претставник Селим Адеми и
- листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Љубомир Данаилов-Фрчкоски, предложена од Група избирачи Д.И., поднесена од овластениот претставник Ѓунер Исмаил.

Државната изборна комисија врз основа на член 67 став (3) од Изборниот законик со Решенија ги потврди: листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Имер Сељмани; листата на кандидатот за претседател на Република Македонија Мируше Хоџа; листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Нано Ружин; листата на кандидатот за претседател на Република Македонија,

Ѓорге Иванов; листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Љубе Бошкоски; листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Агрон Буџаку и листата на кандидатот за претседател на Република Македонија, Љубомир Данаилов-Фрчкоски.

Исто така, Државната изборна комисија согласно член 68 став (1) од Изборниот законик го утврди со ждрепка редоследот на кандидатите за избор на претседател на Република Македонија.

Потоа, Државната изборна комисија врз основа на член 69 став (1) од Изборниот законик ја објави Утврдената единствена листа на кандидат за претседател на Република Македонија во гласачкото ливче ("Службен весник на Република Македонија", број 24/2009) и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Имер Сељмани** | Група избирачи Д.Е. |
| 2. | **Мируше Хоџа** | Група избирачи Р.К. |
| 3. | **Нано Ружин** | Група избирачи Д.Ц. |
| 4. | **Ѓорге Иванов** | 62 пратеници |
| 5. | **Љубе Бошкоски** | Група избирачи К.С. |
| 6. | **Агрон Буџаку** | Група избирачи А.А. |
| 7. | **Љубомир Данаилов-Фрчкоски** | Група избирачи Д.И. |

Врз основа на член 31 став (2) точка 31) од Изборниот законик, Државната изборна комисија на 7 март 2009 година го потпиша Избирачкиот список за претседателски избори односно изводите од Избирачкиот список за секое избирачко место.

Во потврдениот Избирачки список се запишани вкупно 1.792.082 (еден милион седумстотини деведесет и две илјади и осумдесет и два) избирачи.

Државната изборна комисија, од гласањето за листата на кандидати за избор на претседател на Република Македонија спроведено на 22 март 2009 година, сумира и утврди дека од 2845 (две илјади осумстотини четириесет и пет) избирачки места, од вкупно 2976 избирачки места, се добиени целокупниот изборен материјал и записниците за сумирани резултати од 84-те Општински изборни комисии.

Одделни Општински изборни комисии поради лошите временски услови, не можеа да го достават изборниот материјал за да се спроведе гласањето на избирачките места број и тоа за:

- Општина Студеничани: 2343, 2344, 2355, 2356, 2357, 2359, 2361, 2358, 2360 и 2352;
- Општина Кратово: 0903, 0905, 0906, 0907, 0908 и 0919;
- Општина Желино: 2103 и 2104;
- Општина Битола: 0128;

- Општина Старо Нагоричане: 1164, 1173, 1163, 1161, 1143, 1166, 1155, 1160 и 1168;
- Општина Штип: 2302, 2309,2310 и 2314;
- Општина Зелениково:2371, 2373, 2374, 2375, и 2376 – 2302, 2309,2310 и 2314;
- Општина Врапчиште: 0450;
- Општина Куманово:1133, 1134, 1135 и 1140;
- Општина Ранковце: 0993;
- Општина Петровец: 2385 и 2392;
- Општина Крива Паланка: 0957, 0959, 0968, 0970 и 0971;
- Општина Липково: 1109 и 1123;
- Општина Сопиште: 2424;
- Општина Ново Село: 1780 и 1781;
- Општина Чучер Сандево: 2473, 2474 и 2475;
- Општина Свети Николе 1690 – општина Свети Николе;
- Општина Пробиштип: 1563;
- Општина Карбинци: 2331 и 2328;
- Општина Велес: 2189, 2190, 2199 и 2202;
- Општина Чашка: 2238;
- Општина Кочани: 0893, 0895, 0896, 0897 и 0902;
- Општина Македонска Каменица:0618;
- Општина Делчево: 0600;
- Општина Радовиш: 1620, 1607 и 1606;
- Општина Конче: 1614, 1615 и 1616;
- Општина Маврово и Ростуше: 0481, 0482, 0484, 0491, 0492, 0495, 0496, 0497, 0498, 0487 и 0479;
- Општина Гостивар: 0480, 0782, 0533, 0532 и 0514;
- Општина Другово: 0761, 0766, 0767, 0769, 0770, 0772 и 0773;
- Општина Крушево: 1207 и 1208;
- Општина Македонски Брод: 0230, 0234, 0235, 0241, 0243, 0250, 0251, 0252, 0253, 0254, 0256, 0258, 0260, 0261, 0263, 0264, 0265, 0266, 0267, 0268, 0269, 0270, 0271, 0273 и 0274 и
- Општина Струга: 1886 и 1892.

Заради справување со временската непогода, односно заради организирано расчистување на снегот на територијата на цела држава, кој ден пред отворањето на гласачките места наврна во големи количини и се закануваше да го попречи изборниот процес, Владата на Република Македонија формира Координативно тело во чија работа покрај други, учествуваа и претставници на Државната изборна комисија. Координативното тело во соработка со Државната изборна комисија, Министерството за транспорт и врски, Центарот за управување со кризи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, единиците на локалната самоуправа, Јавни претпријатија и други институции и покрај тешките временски услови овозможија на 21, 22 и 23 март 2009 година да ја координираат работата за да се отворат

избирачките места за да се спроведе изборниот процес, како и да се транспортира целокупниот изборен материјал за спроведување на избор за претседател на Република Македонија до Државната изборна комисија.

Државната изборна комисија согласно доставените записници и целокупниот изборен материјал утврди дека од вкупно запишани 1.792.082 (еден милион седумстотини деведесет и две илјади и осумдесет и два) избирачи гласале 1.019.268 (еден милион деветнаесет илјади и двеста шеесет и осум) избирачи, што во проценти изнесува 56,88%.

Според сумираните и утврдените резултати од гласањето, Државната изборна комисија утврди дека вкупниот број на гласови што ги добила секоја листа на кандидат за претседател на Република Македонија поодделно изнесува:

1. **ИМЕР СЕЉМАНИ**, добил 147.547 (сто четириесет и седум илјади и петстотини четириесет и седум) гласови;

2. **МИРУШЕ ХОЏА**, добила 30.225 (триесет илјади и двестотини дваесет и пет) гласови;

3. **НАНО РУЖИН**, добил 40.042 (четириесет илјади и четириесет и два) гласа;

4. **ЃОРГЕ ИВАНОВ**, добил 345.850 (триста четириесет и пет илјади и осумстотини и педесет) гласови;

5. **ЉУБЕ БОШКОСКИ**, добил 146.878 (сто четириесет и шест илјади и осумстотини седумдесет и осум) гласови;

6. **АГРОН БУЏАКУ**, добил 73.629 (седумдесет и три илјади и шестотини дваесет и девет) гласови и

7. **ЉУБОМИР ДАНАИЛОВ - ФРЧКОСКИ**, добил 202.691 (двестотини и две илјади и шестотини деведесет и еден) глас.

Државната изборна комисија утврди дека има вкупно 32.386 (триесет и две илјади и триста осумдесет и шест) неважечки гласачки ливчиња.

По обработката, односно сумирањето и утврдувањето на резултатите од страна на Државната изборна комисија се утврди дека бројот на запишаните избирачи на 134-те избирачки места кои поради лошите временски услови не беа отворени за гласање на 22.03.2009 година изнесува 12.558 избирачи и дека тој број не влијае на резултатот за избор на претседател на Република Македонија во првиот круг на гласање, како и

на определувањето на кандидатите кои влегуваат во вториот круг на гласање, поради што со Решение број 11-2357/1 од 01.04.2009 година одлучи да не се повторува првиот круг на гласање на наведените избирачки места.

Според сумираните и утврдените резултати од гласањето, а врз основа на член 120 од Изборниот законик, Државната изборна комисија утврди дека ниту еден кандидат не го добил потребното мнозинство гласови, а во вториот круг ќе се гласа за двајца кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови :

1. **ЃОРГЕ ИВАНОВ**, добил 345.850 (триста четириесет и пет илјади и осумстотини и педесет) гласови и

2. **ЉУБОМИР ДАНАИЛОВ - ФРЧКОСКИ**, добил 202.691 (двеста и две илјади и шестотини деведесет и еден) глас.

До Државната изборна комисија согласно член 148 од Изборниот законик, поднесен е еден приговор од овластениот претставник на листата на кандидатот за избор на претседател на Република Македонија Љубе Бошкоски, Коста Топузоски. Државната изборна комисија донесе решение со кое поднесениот приговор го одби како неоснован.

Државната изборна комисија врз основа на спроведеното гласање за листите на кандидати за избор на претседател на Република Македонија на 05 април 2009 година пресмета и утврди дека во 2975 (две илјади деветстотини седумдесет и пет) избирачки места, од вкупно 2976 избирачки места, се добиени целокупниот изборен материјал и записниците за сумирани резултати од 84-те Општински изборни комисии.

Државната изборна комисија врз основа на записниците од 84-те општински изборни комисии (Образец број 16А) сумира и утврди дека од вкупно запишани 1.792.082 (еден милион седумстотини и деведесет и две илјади и осумдесет и два) избирачи, вкупно гласале 764.039 (седумстотини и шеесет и четири илјади и триесет и девет) избирачи, што во проценти изнесува 42,63%.

Според сумираните и утврдените вкупни резултати од гласањето, Државната изборна комисија утврди дека бројот на гласови што ги добила секоја листа на кандидат за претседател на Република Македонија поодделно изнесува:

1. **ЃОРГЕ ИВАНОВ**, добил 453.616 (четиристотини и педесет и три илјади и шестотини и шеснаесет) гласа и

2. **ЉУБОМИР ДАНАИЛОВ - ФРЧКОСКИ**, добил 264.828 (двесте и шеесет и четири илјади и осумстотини и дваесет и осум) гласа.

Државната изборна комисија утврди дека има вкупно 45.589 (четириесет и пет илјади и петстотини осумдесет и девет) неважечки гласачки ливчиња.

Со оглед на тоа што во вториот круг на гласањето одржано на 5 април 2009 година за кандидатот за претседател на Република Македонија Ѓорге Иванов гласале вкупно 453.616 избирачи од вкупно запишаните 1.792.082 избирачи, што во проценти изнесува 42,63%, Државната изборна комисија утврди дека е исполнет условот од член 1 од Амандман XXXI со кој се заменува ставот (5) на членот 81 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ број 3/2009) и дека **ЃОРГЕ ИВАНОВ** е избран за претседател на Република Македонија.

Државната изборна комисија на **ЃОРГЕ ИВАНОВ** му издаде уверение за избор на претседател на Република Македонија.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ДРЖАВНА ИЗБОРНА**
**КОМИСИЈА**
Александар Новакоски